# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
*• Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*• Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
*• Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

Упатството за пациентот содржи:
1. Што претставува РАНИТИДИН и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го земете/употребите РАНИТИДИН
3. Како да го земате/употребувате РАНИТИДИН
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на РАНИТИДИН

## РАНИТИДИН / RANITIDIN филм-обложени таблети од 150 mg

(ranitidine)

*Активна супстанција:* ранитидин.
1 филм-обложена таблета содржи 150 mg ранитидин во форма на ранитидин хидрохлорид.

*Помошни супстанции:* микрокристална целулоза,коповидон, магнезиум стеарат, колоиден силициум диоксид, хипромелоза, полиетилен гликол, дибутил фталат, титан диоксид.

Пакување:
Кутија со 20 филм-обложени таблети од 150 mg.
Кутија со 30 филм-обложени таблети од 150 mg.

Име и адреса на производителот:
АД ЈАКА 80 Радовиш
Првомајска 75 А, Скопје, Република Македонија

**1. Што претставува РАНИТИДИН и за што се употребува**
Ранитидин спаѓа во класата на лекови наречени $H_2$ блокатори. Неговите тераписки дејства се должат на неговата способност да го намали излачувањето на желудочна киселина во желудникот.
Ранитидин е лек кој се користи за третман на:

чир (улкус) на дванаесетпалачното црево и чир на желудникот; езофагеален рефлукс од различно потекло (состојба при која желудечната киселина се враќа во хранопроводот и предизвикува болка (киселини) и оштетувања); состојби при кои желудникот излачува преголемо количество на желудочна киселина, како што е Золингер-Елисон синдромот; профилакса на крварења предизвикани од чир на желудникот или дванаесетпалачното црево; состојби кај кои постои опасност од навлегување на желудочниот сок во дишните патишта (аспирација).

**2. Што мора да знаете, пред да го земате/употребите РАНИТИДИН**
**Немојте да го земате/употребувате РАНИТИДИН**:
- ако сте алергични на ранитидин или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство.

Ранитидин не се дава на деца помали од 8 години.

**Бидете посебно внимателни со РАНИТИДИН**:
- ако имате малигно заболување на желудникот (рак),
- ако имате оштетување на црниот дроб или бубрезите,
- ако доите,
- ако лекот е наменет за деца помлади од 14 години,
- ако земате некој други лекови погледнете во делот **Земање на други лекови**.

*Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.*

**Земање/употребување на РАНИТИДИН со храна и со напиток**
Ранитидин може да се зема со или без храна.
Не се препорачува консумирање на алкохол за време на терапијата со ранитидин.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Ранитидин не влијае на способноста за возење на автомобил или ракување со машини.

**Земање/употребување на други лекови**
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Особено е важно ако истовремено земате:
- антациди (лекови за намалување на желудочната киселина),
- метопролол,

- нифедипин,
- кетоконазол.

### 3. Како да го земате/употребувате РАНИТИДИН

*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

Чир на дванаесетпалачното црево и желудникот и езофагеален рефлукс (враќање на желудочен сок во хранопроводот)
Вообичаена доза е 150 mg два пати дневно, наутро и навечер. За лекување на дуоденален(дванаесетпалачен) и гастричен (желудочен) улкус (чир), како и на езофагеален рефлукс, се препорачува по 300 mg како единечна доза пред спиење. Најчесто таа терапија се применува 6-8 недели. Терапијата за одржување кај овие индикации се спроведува со редуцирана доза од 150 mg пред спиење, 2-3 месеци, до 1 година.

Золнгер-Елисон синдром
Почетната доза е 150 mg три пати дневно, а ако е потребно, може да се зголеми до 600 или 900 mg поделени во 3 поединечни дози.

Хронична епизодна гастрична диспепсија
Кај пациенти со хронична епизодна гастрична диспепсија се препорачува третман со 150 mg два пати дневно во траење од 6 недели.

Профилакса на крварење предизвикана од улцерација (чир) која е последица на стрес кај тешки болни или профилакса на крварења кои се повторуваат кај пациенти кои крварат од пептичка улцерација (чир)
Се препорачува 2 пати дневно по 150 mg.

Пациенти кај кои постои опасност од појава на синдром на аспирација на желудечен сок (навлегување на желудочниот сок во белите дробови)
Се препорачува доза од 150 mg 2-4 часа пред општата анестезија и 150 mg претходната вечер.

Бубрежно оштетување
Во случај на инсуфициенција на бубрезите при која креатининот во серумот е поголем од 252 μmol/lit се дава по 75 mg два пати на ден во траење од 4-8 недели.

*Ако имате впечаток дека ефектот на РАНИТИДИН е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте земале/употребиле поголема доза од РАНИТИДИН отколку што треба**
*Ако сте земале/употребиле поголема доза отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете/употребите РАНИТИДИН**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.*
*Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, РАНИТИДИН може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- отекување на лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето,
- исип/ егзантема,

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.

Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- главоболка,
- вртоглавица,
- конфузност,
- вознемиреност,
- брадикардија (забавување на работата на срцето),

Сите овие се слаби несакани дејства.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на РАНИТИДИН**
Да се чува на температура до 25 °C, заштитено од светлина.
**ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на лекарски рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**
Февруари, 2013 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ